Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за извршување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 декември 2006 година.

Бр. 07-4605/1
7 декември 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2005 и 50/2006), во членот 46 по ставот (1) се додаваат четири нови става (2), (3), (4) и (5) кои гласат:

"(2) Тарифата за награда на извршителите ја донесува Комората на извршители врз основа на претходна согласност на министерот за правда, притоа имајќи предвид извршителите за извршените дејствија да наплаќаат:

1) награда на извршителот за извршените дејствија;

2) цена за администрирање на предметот и

3) цена на извршните дејствија.

(3) Наградата на извршителот за извршените дејствија се определува според:

1) видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши;

2) износот кој треба присилно да се наплати кај паричните побарувања, односно вредноста на предметот на извршување кај непаричните побарувања и

3) износот на наплатените средства кај паричните побарувања, односно вредноста на предметот на што се реализира кај непаричните побарувања.

(4) Цената за администрирање на предметот се определува според износот на главното побарување, односно вредноста на предметот на извршување.

(5) Цената на извршните дејствија се определува според видот, обемот и времетраењето на извршувањето на извршните дејствија и местото на нивното извршување."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".